ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 15.01.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски – заменуван од Иван Велиновски, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

### Задолженија од Градоначалникот до Раководителите на Одделенија:

**Одделение за финансиски прашања**

Обезбедување и комплетирање на потребните податоци и документација за подготвување на соодветни тужби и тужбени барања и иницирање на адекватни судски

постапки за наплата за парични побарувања по основ на неплатена закупнина на деловен простор во сопственост на Општината.

Разгледување на поднесени барања од страна на политичките партии за исплата на парични надоместоци за остварени изборни резултати на Локалните избори во 2017 година, според бројот на освоени гласови.

Мораториум за склучување на Договори за дело во кои како договорна страна ќе се јави Општина Крива Паланка на неопределено време, а во консултација со УЈП.

Да се достави ЦД со податоци за сите регистрирани деловни субјекти и НВО сектор на подрачјето на Општината, а кое ЦД го поседува Одделението за финансиски прашања, на увид на Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија за нивни тековни службени потреби.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Подготовка на потребната документација во соработка со Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина, со цел итно отпочнување со предвидените активности за уредување на паркинг просторот зад MY MARKET.

Да се испита законската и фактичката можност и постапката за поставување на спомен обележје – постамент на загинатите бранители.

Да се пристапи кон изготвување на листа со предлог идеи, проектирање и изработка на соодветна проектна документација и подготвени проектни апликации во делот на руралниот развој, а кои проекти ќе бидат поднесувани и пријавувани по објавувањето на повикот од страна на Агенцијата за поддршка на руралниот развој.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Изработка на Елаборат со одобрение за уредување на паркинг просторот зад MY MARKET.

Четврто јавно излагање и презентација на ДУП 7-А.

Подготвување на Предлог – Одлука за општински линиски превоз и нејзино поставување на дневен ред за наредната седница на Советот на Општина Крива Паланка на ден 26.01.2018 година.

Изнаоѓање на локација за сточен пазар надвор од урбаното градско подрачје и подготовка на проектна документација и апликација преку Агенцијата за поддршка на руралниот развој.

Изработка на проекти за доизградба, реконструкција и просторно уредување на Градскиот плоштад во Крива Паланка.

**Одделение за човечки ресурси**

Подготвување на предлог – Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка и предлог – одлука за изменување и дополнување на Правилата за работа на облиците на месна самоуправа и нивно поставување на дневен ред за наредната седница на Советот на Општина Крива Паланка за ден 26.01.2018 година.

Да се направи сублимација во писмена форма на целокупниот преглед за неискористен втор дел од годишен одмор на вработените во Општина Крива Паланка.

Подготвување на јавен оглас и целокупната потребна документација за вработување на едно лице во ТППЕ Крива Паланка.

**Одделение за правни и општи работи**

Подготовка на материјали за 7 (седма) седница на Советот на Општина Крива Паланка на ден 26.01.2018 година.

Подготовка на План за јавни набавки.

Подготовка на писмен одговор на Барањето од Ветеринарна станица Крива Паланка и насоки за испразнување на објектот и иселување од истиот од нивна страна, бидејќи објектот е сериозно руиниран и оштетен и не може да биде функционален за да биде искористен за било каква намена.

Поголема ефективност и ефикасност на планот на тековната достава на акти и доставата на опомени за неплатени даноци на имот и комунална такса.

Подготвување на предлог – Одлука за намалување на комуналната такса за одржување на јавни површини и нејзино поставување на дневен ред на наредната седница на Советот на Општината на ден 26.01.2018 година.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Да се подготват критериуми и изглед на апликација за избор и доделување на средства на Општината за поддршка на проекти од НВО.

Посета на Дупница, Република Бугарија на ден 16.01.2018 година, со цел дефинирање на проекти и разработка на идеи во делот на Програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија.

Активности во врска со успешно организирање на традиционалното чествување на верскиот празник „Богојавление – Водици 2018 година“ на ден 19.01.2018 година и сите други работни средби и протокол предвидени за тој ден.

**Одделение за инспекциски надзор**

Дислоцирање на бараки на локација на стар зелен пазар и изнаоѓање начин за обезбедување на пристап до истите заради нивно отстранување.

Наоѓање на нови локации за дислоцирање на времени објекти – бараки кои се наоѓаат зад MY MARKET и кои мораат да бидат отстранети од самото место на кое што се наоѓаат во моментот.

**ЈП Комуналец**

Тековно и перманентно зимско одржување и расчистување на коловози на сите критични точки, а во координација и соработка со ЈП Македонија Пат, како и 24 часовна мобилност во рамки на службата.

Соопштение до јавноста за информирање на граѓаните за можноста за поднесување на барања за приклучок на канализационата мрежа во нас.Маневци и начинот на плаќање на надоместокот.

Уредување на паркингот зад MY MARKET и просторот помеѓу НЛБ Тутунска Банка и Фото студио Јаце со поставување на бекатон плочки.

**ЛУ Градски Музеј**

Активности поврзани со традиционалото чествување на верскиот празник Водици на ден 19.01.2018 година.

Иницирање на постапка и отпочнување со потребни процедури за основање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ и подготовка на потребната документација за реализација на оваа идеја.

Подготовка на проектна апликација од страна на ЛУ Градски Музеј преку Јапонската Амбасада и аплицирање на проект, согласно потребите и приоритетите на оваа установа, а во врска со трајно решавање на проблемот со греење на оваа Установа.

Преуредување на стара градска куќа во централното градско подрачје и нејзина адаптација како сместувачки капацитет од традиционален карактер, но и објект заштитен како културно наследство.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**15.01.2018 година, Крива Паланка**